# Боженствена Шема на Животот



Adrian Ebens

# Боженствена Шема на Животот

*Ни носи просперитет во нашето живеење, размислување и односи*

Адријан Ебенс

Печатено од

fatheroflove.info

Преземете ја бесплатната аудио книга од

http://fatheroflove.info/book/view/the-divine-pattern-of-life

Сите Библиски стихови се цитирани од Новиот Крал Џејмс превод

доколку не е поинаку наведено

Прво печатење е во 2015 година, дополнето во август 2018 година

Превод: Никола Поповик

# Содржина

1. Потрага........................................................................................................4

2. Паднатото јаболко ........................................................................................6

3. Стоејќи на Месечината Облечена со Сонцето.........................................9

4. Духовна Карта и Компас............................................................................13

5. Боженствената Шема ................................................................................18

6. Потокот на Живот .......................................................................................26

7.„Богот на овој свет“ и Раѓањето на Спротивставени Сили......................30

8. Сабота за Душата: Наоѓање на Внатрешен Одмор ................................36

9. Тесен Пат до Боженствената Шема........................................................40

10. Следниот Чекор .........................................................................................46



# 1. Потрага

Кон крајот на седумнаесетиот век Isaac Newton (Исак Њутн) размислувал за прашањата на небесната механика. Каква е врската помеѓу небесните тела додека тие се движат низ небото? Може ли да постои едноставен универзален закон што ќе ги објасни и ги управува овие односи? Или можеби тоа е комплексен, мистериозен систем надвор од рамките на нашето разбирање? Што ја поттикна оваа потрага во срцето на Њутн? Дали тој навистина беше удрен со јаболко по главата предизвикувајќи да размисли за ефектите на гравитацијата? Неодамнешното откритие пронајдено во архивите на Лондонското кралско друштво го открија одговорот во ракопис што стана биографија на животот на Сер Исак Њутн.

> По вечерата, времето беше топло, влеговме во градината и пиевме чај под сенката на некои јаболкници ... ми рече, тој беше во истата ситуација како порано кога поимот гравитација влезе во неговиот ум. Тоа беше потикнато со случаен пад на јаболко, додека тој седеше во размислувачко расположение. Зошто тоа јаболко секогаш треба да паѓа нормално на земјата? си помисли тој во себе ...[1]

Оваа случка со паднатото јаболко активираше серија настани што водеа до пишувањето на Principia (Принципиа) во која Њутн ги поставува

[1] http://www.newscientist.com/blogs/culturelab/2010/01/newtons-apple-the-real-story.html

темелите на класичната механика и трите универзални закони на движење. Овие закони го опишуваат односот помеѓу било кои предмети, силите што дејствуваат врз нив, и нивното резултантно движење. Њутн го користел латинскиот збор gravitas (тежина) за ефектот што ќе стане познат како гравитација и го дефинирал законот за универзална гравитација.[2]

*Принципијата* на Њутн ќе го доминира научниот поглед на физичкиот универзум во следните 300 години. Тој беше во можност да ги искористи овие принципи за да пресмета траектории на комети, движење на плимите и точноста на рамноденицата што ги отстрани последните остатоци на мислата дека земјата е центарот на Сончевиот систем.[3] Студијата за односот помеѓу физичките небесни објекти го редефинираа нашето разбирање за универзумот, ја прошири човечката способност да работи во нејзините рамки и да ја искористи моќта на нашиот свет според законите на гравитацијата.

Истражувањето на Њутн во врска со небесните тела беше предизвикана од еден настан што се случи меѓу земјини тела. Набудувањето на јаболкото што паѓа од дрво го доведе во прашање односот помеѓу јаболкото и земјата и што ги привлекува заедно.

Наоѓајќи се на работ на 21-от век, мојот ум се сврти кон ново истражување - принципот што лежи во основата на односот помеѓу духовните тела. Ако правилното разбирање на односот на физичките тела може да даде таков прекрасен напредок во научните човечки потфати, какво би било влијанието на правилното разбирање на односот на небесните и земјините духовни тела? Под земјини духовни тела ги подразбирам односите помеѓу умовите на мажите, жените и децата, односите помеѓу човекот и божествената сфера, па дури и односите во рамките на божествената свера. Ние тука може да споменеме дека напорите на Њутн биле поттикнати во рамките на земјината свера, но го наидоа својот одговор во небесната свера.

Да го започнеме нашето истражување на универзалниот закон што управува со духовните тела.

---

[2] https://en.wikipedia.org/wiki/Isaac_Newton#Mechanics_and_gravitation

[3] Ibid

## 2. Паднатото јаболко

Додека работев во една христијанска организација, бев во состојба да сведочам за ефектите на сексуалната злоупотреба. Набљудувајќи дел од траумата што овие лица ја доживуваа, се зголеми моето разбирање за тоа колку голема болка постои во општеството. Во моите тивки моменти почнав да се прашувам како може христијанин да учествува во толку големо предавство на довербата, бидејќи некои од овие жртви биле злоупотребени од доверливи водачи во црквата. Тоа беше мисла што остана вградена во моето срце. Како може некој што верува во Христа и е почитуван како лидер да дозволи овие работи да се случуваат, не во мал обем, туку со болна регуларност?



Подоцна имав прилика да реагирам кога добив очаен телефонски повик. Јас знаев дека треба да отидам и да помогнам. Двајца членови на христијанската организација во која работев беа во жестока расправија. Кога пристигнав можев да го слушнам метежот и молитвите за мудрост и благодет. Имаше страв во очите на децата додека родителите ја излеваа горчината кон себе си. Кога сте во Црква на богослужба никој нема да има поима дека таков конфликт воопшто

пости. Ситуацијата таа ноќ вриеше, и тоа започна да разгорува нешто длабоко во мене.

Се *присетив* на статистиката што ја проучував порано за време на моето проучување на разводот и сексуалната злоупотреба. Тие статистички податоци сега имаат неколку лица и имиња. Сериозноста на ситуацијата беше обележана со бруталните факти. Тогаш се сетив на времето кога јаболкото падна во мојот ум со мислата:

*Нешто недостига. Немаме одговори*, си помислив. Изолиран случај тука и таму можев да го разберам, но не и бројките што беа пред мене: Едно од десет деца е жртва на сексуална злоупотреба во моментов.[4] Во организацијата во која работев стапката на разводот беше 28% а брачниот конфликт дури 58% во одредени региони.[5]

Едноставно, не можев да ги игнорирам бројките. Морав да најдам осмислен одговор за распаѓаањето на односите во семејството и во заедницата. Ова прашање беше сè повеќе збунувачко поради големата вредност што повеќето луѓе ја ставаат на своите семејства и во светот и во црквата. Размислете за изјавите како што се следниве:

> Семејството е најважната работа на светот. — *Princess Diana (Принцезата Дијана)*
>
> Силата на една нација произлегува од интегритетот на домот. — *Confucius (Конфучие)*
>
> Најсреќните моменти во мојот живот беа неколкуте кои јас ги поминав дома во пазувите на моето семејство. —*Thomas Jefferson (Томас Еферсон)*
>
> Негувајте ги вашите човечки врски - вашите односи со пријателите и семејството. — *Barbara Bush (Барбара Буш)*

Овие чувства редовно ги слушам, а сепак има толку многу раздор, конфликти и злоупотреби во семејствата и заедниците така што се наметнува прашањето: Кои се основните принципи што ќе поттикнат силни, здрави односи? Дали има универзален закон во врска со движењата на срцето што ако правилно се разбрат и применуваат би ги

---

[4] Darkness to Light. End Sexual Abuse. www.d2l.org – figure released Aug 2013 [5] http://family.adventist.org/home---divorce-and-remarriage-in-the-seventh-day-adventist- church.html

хармонизирале нашите односи и би го минимизирале раздорот и злоупотребата?
Како и Њутн, мојот ум го привлече односот на небесните тела на небото, во потрага по Нацртот или Шемата што би ги одговориле прашањата на мојот ум. Мојата потрага ме однесе многу подалеку отколку што очекував и оттука, причината за насловот на оваа брошура, *Боженствената Шема на Животот* . Во барањето одговори за тајните на успешните врски, бев изложен на едноставна реалност што зборува за мудроста во многу аспекти на човечкото искуство. Како што разгледував колку далеку достигнува овој принцип, јас сум зачуден и возбуден од импликациите. Спроведов голем број на експерименти со неверојатни резултати засновани врз овие принципи.



Како вовед, да го разгледаме процесот со кој доаѓаме на живот. Таткото и го предава своето семе на мајката, која потоа го негува, и детето расте во нејзината матка, од каде што се раѓа. На **активен генеративен изворен** принцип од нашиот татко и на принципот на **пасивно негувателен канал** на нашата мајка, нам ни е даден увид во прекрасната шема на нашето создавање, преку кое сите ние сме дојдени на овој свет. Ова хармоничното усогласување на изворот и на каналот ни дава живот. Темата на оваа брошура е *проширувањето* на овој едноставен принцип и на неговите импликации во секој аспект на нашите животи. Како дел од нашето патување, ќе откриеме и друг принцип кој е во војна со оваа шема на животот, негативен принцип што ја збунува и ја нарушува хармонијата на оваа шема, носејќи тага, конфузија и смрт.
Да се осврнеме на небесните тела што беа дел од Њутновите проучувања од физичка перспектива. Да размислиме за односот на сонцето, месечината и земјата додека се фокусираме на аспектите на светлината, гравитацијата и пулсот на плимата и осеката што се однесуваат на овие тела.

# 3. Стоејќи на Месечината Облечена со Сонцето





Застанете на работ на Minas Basin (Минас сливот) во Nova Scotia (Нова Шкотска) кога ќе дојде бранот и ќе го слушнете тоа што се нарекува „гласот на месечината“, во форма на 14 милијарди тони вода што се влеваат во сливот каде што се јавува највисоката плима во светот. Сè до објавувањето на Њутн на *Принципиата,* светот не беше свесен за гравитационата врска помеѓу сонцето, месечината и плимата.[6] Сваќањата за движењето на плимата и осеката се неопходни за морнарите успешно да пловат по морињата. Придобивките од познавањето на гравитационите ефекти на месечината не им помогна само на морнарите во минатото. Јас неодамна дознав од пријател кој е страствен за сурфање дека најдобрите бранови доаѓаат за време на новата и полната месечина. Овој феномен се нарекува „пролетна плима“.

> Кога месечината е полна или нова, гравитационото влечење на месечината и сонцето се комбинираат. Во овие моменти, високата плима е многу висока и никата плима е многу ниска. Ова е познато како пролетна висока плима. Пролетните плими се особено силни плими (тие немаат никаква врска со годишната сезона - пролет). **Тие се јавуваат кога земјата, сонцето и месечината се во една линија**. **Гравитационите сили на месечината и сонцето заедно придонесуваат за плимата и осеката**. Пролетните плими се случуваат за време на полна месечина и нова месечина.[7]

-----------------------------------------------

[6] http://www.thehighesttides.com/what-causes-the-highest-tides.shtml

[7] http://home.hiwaay.net/~krcool/Astro/moon/moontides/

Кога сонцето, месечината и земјата се во една линија, тоа создава поголема гравитациона сила на земјата што произведува поголеми плими и се разбира, повисоки бранови. Иако гравитацијата на сонцето е многу поголема од таа на месечината, заради близината на месечината до земјата, таа го прави својот гравитационен ефект врз земјата да биде нешто повеќе од двојно поголем од оној на сонцето. Клучот на пролетната плима е порамнувањето во линија на сонцето, месечината и земјата.




Приближниот двонеделен ритам на плимата и осеката има масивно влијание врз морските и другите организми. Ако некој треба да плива на Great Barrier Reef (Големиот Бариерен Гребен) кој е крај брегот на северен Queensland (Квинсленд) во Австралија четири до шест дена после полна месечина, тој би бил сведок на најголемиот масовен настан на мрестење на планетата. Коралите се мрестат кога плимата и осеката се слаби (без приливно движење во било која насока), за разлика од многуте видови риби кои ги искористуваат големите плими за мрестење со исфрлање на јајцата во безбедноста на отворената вода.[8]

Но, циклусите на месечината влијаат и на периодите на бременост кај животните, како кај 'рбетниците, а менструалниот циклус на жените е приближно ист со лунарниот циклус.[9] Тоа покажува дека има некоја врска меѓу плодноста и репродукцијата и циклусите на месечината.

-----------------------------------------------------

[8] http://www.greatbarrierreefs.com.au/coral-spawning/

[9] https://en.wikipedia.org/wiki/Tide#Biological_rhythms

Можеме ли да научиме нешто од плимниот ритам на природата? Може ли односот на  сонцето и месечината со земјата да ни даде клучен показател за откривањето на тајната на нашите духовни односи? Ако успехот и плодноста во физичкиот живот може да се следи преку познавањето на ритмичките циклуси на сонцето и месечината во однос на земјата, може ли да има и лекции кои треба да се научат кои се однесуваат на духовната област?

Пред да стапнеме во таа насока, да разгледаме уште еден интересен однос во врска со сонцето, месечината и земјата. Месечината нема своја светлина. Таа е пасивен предмет. Сета светлина на месечината е рефлексија на светлината од сонцето. Сонцето генерира своја светлина; има активен принцип. Месечината ја рефлектира светлината на сонцето; работи на пасивен принцип. Активното сонце и пасивната месечина работат заедно создавајќи ритмичко влијание врз земјата. Повторно, можеме да прашаме дали има тука лекции за односот на сонцето и месечината кој што ни кажува за ритамот на животот во духовниот свет?





Размислете што се случува кога ќе се обидете да погледнете директно во сонцето. Сјајот на сонцето прави да е  невозможно да се погледне во него повеќе од неколку секунди. Гледањето директно во сонцето ќе го оштети видот. Дали има некој начин да се погледне во сончевата светлина? Да, можеме да ја видиме светлината на сонцето гледајќи директно во месечина, со што се елиминира опасноста од оштетување на нашите очи. Светлината која извира од сонцето се канализира преку месечината, која делува медијативно и ја спроведува светлината безбедно и безболно.

Прашањето што моли да се праша е: „Дали има некое значење во ова?“ Командното присуството на сонцето е многу важна компонента за целиот живот. Нејзините зраци носат топлина и светлина, и таа има централна улога во плодноста на планетата, но ако не го почитуваме сонцето може да ни нанесе повреда. Повторно, дали има работи тука од кои можеме нешто да научиме?

Додека античкиот гледач Јован седеше на островот Патмос во Средоземното Море, тој видел големо чудо во визијза:



И голем знак се покажа на небото: жена, облечена во сонце; под нозете нејзини беше месечината, а на главата нејзина – венец од дванаесет ѕвезди. Откровение 12: 1

Јован ја опишува врската помеѓу сонцето, месечината, ѕвездите и жената. Таа стои на месечината. Ова е нејзината основа. Таа е облечена во светлината на сонцето и има светлина од дванаесет ѕвезди на нејзината глава. Изгледа дека е целосно во хармонија со циклусите и времето на сонцето, месечината и ѕвездите, и е свесна за нејзината врска со нив. Имајќи предвид дека книгата Откровение е книга со духовни теми, нема ли ова да има духовна важност?

Пред да одговориме на ова, треба да прашаме, „Можеме ли да им веруваме на пишувањата на Библијата дека се сигурен водич во духовните работи?“

# 4. Духовна Карта и Компас



Римскиот гувернер Пилат ги проучувал лицата на многу луѓе што стоеле пред него на судење во неговата судница во Јудеја. Имаше нешто многу различно во врска со лицето на овој човек. Надвор, толпата врескаше за неговото погубување, а сепак апсолутно немаше страв во неговите очи. Пилат беше запознает со лицето на закоравен криминалец, но човекот што стоеше пред него сигурно не беше еден од нив. Неговиот благороден изглед и мирен нежен поглед го заинтригира судијата. Тој зборуваше за кралство надвор од овој свет - кралство што беше над политиката, освојувањата и војните. Тој беше обвинет за заговор против Римската влада под содржина на долго очекуваниот Месија на Евреите.

> А Пилат Му рече: „Ти, пак, Цар ли си?“ Исус одговори: „Ти велиш дека сум Цар. Јас за тоа се родив и за тоа дојдов на светот, за да сведочам за вистината; секој, кој е од вистината, го слуша гласот Мој.“ Јован 18:37

Крал кој сведочи за вистината? Кој крал било кога бил сведок на вистината? Кралевите обично победуваа и ја одржуваа моќта со војна, измама, манипулација, и сила. Тогаш Пилат постави критичко прашање. „Што е вистината?“ Формулирајќи го ова на друг начин, може да се запрашаме: „Како можеме да ја знаеме вистината?“

Секоја личност што размислува има извор на авторитет, кој може да биде боженствена објава на вистината, место или личност од каде се уверени дека ги добиваат правите информации за реалноста на животот и смртта. За многу луѓе овој извор е нивниот сопствен ум. Она што го гледаат, слушаат, доживуваат и учат е доволно за нив да ја утврдат вистината. Тие се уверени дека леќата преку која тие го гледаат светот не е искривена на кој било начин.

Краток потсетник за тоа како децата реагираат на љубопитни прашања од нивните родители кога ќе зачекорат надвор од границите на семејните правила треба да нè убеди дека имаме природна склоност да ја свиткаме и изврнуваме вистината да ни одговара на нашите околности. Друг пример што би можеле да го разгледаме е како многу политичари одговараат на прашања од медиумите на начин на кој избегнуваат придржување кон прашањето. Можеме ли да се потпреме на самите себе за да ја откриеме вистината ако сме толку склони на нејзиното свиткување и избегнување кога не ни одговара?

Постојат и тие во друга група кои едноставно веруваат во традициите пренесени на нив од нивните предци. Како можеме да веруваме во себе или во нашите претци кога се работи за апсолутна вистина? Ако знаеме дека самите сме склони кон искривување на информациите, дали истото тоа можеле да го сторат и оние што биле пред нас?

Со човечката склоност да лаже, измамува, претерува или потценува, како можеме да ја најдеме вистината? Ова нè враќа на прашањето на Пилат: „Што е вистина?“ Пред него стоеше човек кој целосно го прифати тестот на оваа точка. Тој рече дека дошол да сведочи за вистината и заради неговото тврдење дека Тој е Месијата, го олесни тоа да биде запрашан.

> А Тој им рече: „А вие, што мислите, Кој сум Јас?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог.“ Тогаш Исус му одговори и рече: „Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го открија тоа, туку Мојот Отец, Кој е на небесата. Матеј 16: 15-17

Со тврдењето дека Тој е Месијата, Исус се направи самиот себеси предмет на пророштвата на Стариот завет во врска со Месијата. Сите овие пророштва беа напишани стотици години пред времето на Исус.

Само разгледајте неколку пророштва во врска со Неговото раѓање.

> Нема да се одземе жезолот од Јуда, ниту од бедрата негови, сѐ дури не дојде Миротворецот, Кому ќе Му се покоруваат народите. Битие 49:10

Со ова се претскажало дека Месијата ќе дојде од племето Јуда.

> Но ти, Витлееме Ефратов, иако си најмал меѓу илјадниците Јудејци, од тебе ќе ни излезе Оној, Кој ќе владее во Израил и чие потекло е од почетокот, од вечноста. Михеј 5: 2

Исто така, кажано ни е дека Месијата ќе се роди во Bethlehem (Витлеем). Имаше две места наречени Витлеем во Израел, затоа се идентификува местото како Витлеем Ефрата.

Следното пророштво е неверојатно бидејќи го предвидува времето кога Месијата ќе дојде. Ова беше пророштвото преку кое мудрите луѓе од истокот беа во можност да знаат за да дојдат и да му оддадат почит на раѓањето на Месијата.

> И така, знај и разбери: од времето кога излезе законот за обновување на Ерусалим, до доаѓањето на Помазаникот Божји се седум седмици. Потоа ќе биде обновен Ерусалим со улици и зидини, и ќе опстои шеесет и две седмици; а тоа ќе биде тешко време. (26) И по шеесет и двете седмици Помазаникот ќе биде предаден на смрт неправедно а градот и светилиштето ќе бидат разрушени од народот на водачот што ќе дојде, и крајот ќе му биде како од поплава, и до крајот на војната ќе има опустошување. (27) И во една седмица ќе склопи завет со мнозина, а во половината на седмицата ќе престанат жртвата и приносот, а на врвот од светилиштето ќе биде поставен Гнасниот Пустошник, сѐ додека предопределената пустош не го собори Пустошникот.“ Даниил 9: 25-27

Ова се само неколку од многу, многу пророштва во врска со Месијата. Ако се направат истражувања за тоа како личноста Исус Христос ги исполни сите нив ќе се открие неверојатната точност на Светото писмо. Еден автор пресметал која е веројатноста 48 од овие пророштва да бидат исполнети од еден човек.[10] Резултатот беше 1 спрема $10^{157}$ . Тоа е 1 во

---

[10] Evidence that Demands a verdict, Josh McDowell (1972) p.167

10.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000,000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000.000



За споредба, $10^{137}$ е проценетиот број на протони во универзумот.

Друг пример би бил кога би се обиделе да најдеме едно зрно песок од целиот достапен песок на земјата (и многу повеќе). Размислете што само $10^{17}$ би значело. Оваа величина, претставена со многу помал број е како да се покрие земја голема како Франција со монети од 1 евро во длабочина од 60 см. Обележете едно Евро со „x“, промешајте го со другите монети и потоа испратете некој со врзани очи да ја најде таа монета – и тоа од првиот обид. Веројатноста е запрепастувачка, а ова се само пророштвата во врска со Месијата.

Постојат и други пророштва што се однесуваат на подемот и падот на светските кралства дадени во книгата на Данило кои се прецизно исполнети. Некои имаат утврдено дека овие пророштва невозможно е да бидат вистинити и заклучиле дека сигурно биле напишани после настаните. Свитоците од Мртвото Море, откриени после 1946 година го содржат најголемиот дел од Стариот Завет и датирани се барем до третиот век пред Христа. Тие докажуваат дека пророштвата се направени најмалку двесте години пред да дојде Исус. Ниеден друг човек во историјата не е поддржан од



ова ниво на веројатност и ниедна друга книга не може да го тврди нивото на детали за предвидувањето на иднината како Библијата. Овој вид на точност е тешко да не се забележи, освен ако, се разбира, не прибегнеме кон практиката на политичарите за изобличување на фактите затоа што тие не ни одговараат. Јас ве поканувам да ја тестирате точноста на Библијата преку нејзините пророштва, особено оние што се однесуваат на личноста на Исус. Ако имате пристап до YouTube, погледнете ја презентацијата “Bible Prophecy of Jesus. Just Another Man?” од Dr Walter Veith („Библиско пророштво за Исус. Само Уште Еден Човек? “) (Др Валтер Вејт.)[11]

Земајќи ја предвид точноста на пророштвата во врска со Месијата, ни сугерира, дека работите што Тој ни ги кажува, и работите што се раскажуваат за Него во Библијата, се достојни за целосно внимание. Со принципите на изворот и каналот кои ги откривме досега, да погледнеме сега во Библијата за да видиме како таа ни ја објаснува оваа Шема на Животот.

-----------------------------------------------------

[11] https://www.youtube.com/watch?v=gdXbT5cII7U

# 5. Боженствената Шема

Пилат му поставил критично прашање на Исус. „Што е вистина?“ Да почекал за одговор можеби би ги чул овие зборови: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене.“ Јован 14: 6. Исус ја кажува вистината во рамките на Неговиот релациски однос кон Татко му. Тој е патот кон Таткото. На друго место, кога им зборува на своите следбеници, Исус ги праша учениците:

> ... „А вие, што мислите, Кој сум Јас?“ Симон Петар одговори и рече: „Ти си Христос, Синот на живиот Бог.“ Тогаш Исус му одговори и рече: „Блажен си ти, Симоне, сине Јонин, зашто тело и крв не ти го открија тоа, туку Мојот Отец, Кој е на небесата. Матеј 16: 15-17

Одговорот на прашањето на Пилат беше дека Исус е вистината и централната поента на оваа вистина беше дека Исус е каналот или патот до Таткото. Ова е вистината на Божествената Шема; Павле во првото писмо до Коринтјаните ја дефинира оваа шема за нас.

> Сепак за нас постои еден Бог, Отецот, **од кого** се сите работи, и ние за Него; и еден Господ Исус Христос, **преку кого** се сите работи , и преку кого живееме. 1 Коринтјаните 8: 6

Шемата е откриена во двата збора што веднаш следат по имиња на Отецот и на Исус Христос.

| Суштество | Шема | Дефиниција (Според Стронгов Конкорданс) |
|---|---|---|
| Татко | ἐκ<br>Од Кого | ek, ex – Примарен предлог што означува *потекло, извор* (точката од каде движењето или дејството почнува) |
| Исус Христос | δια<br>Преку Кого | dia *dee - ah '* - Примарен предлог што означува *канал* на едно дејство или акт; *преку*. |

Основниот камен-темелник на универзумот е ἐκ → δια или во превод, Од Кого и Преку Кого. Таткото е *потеклото* на што? На "Сите работи." Исус Христос е *канал* на што? На "Сите работи." Тука го наоѓаме универзалниот релациски принцип на сите нешта, вклучувајќи го и самиот живот. Може истото да го кажеме и на овој начин, каде што ζωη зое е грчки збор за живот:

ἐκ → δια = ζωη

Извор → Канал = Живот



Сетите се повторно на нашиот пример за тоа како човечките суштествата добиваат живот. Таткото (ἐκ, извор) го предава неговото семе на мајката (δια, канал), и со тоа животот е даден. Ова е тајната на потеклото на видовите која е спомената во Битието.

> Затоа Господ му прати на човекот длабок сон; па кога заспа, му извади едно ребро, и местото го пополни со месо. Од реброто, што го зеде од човекот, Господ Бог создаде жена и ја доведе кај човекот. Битие 2:21, 22

Каква е врската помеѓу Адам и Ева? ἐκ → δια. Изворот на видот беше во Адам (од кого). Од него дојде живот материјал за да се формира каналот на видот, жената (од кого). И така, на секое дете родено на овој свет му треба ἐκ → δια (извор-канал) процес за добивање на живот. Адам го разбра тоа кога рече:

> А човекот рече: „Еве тоа е коска од моите коски, и плот од мојата плот. Нека ѝ биде името жена, зашто е **земена од** мажот (свој)!“ Битие 2:23

Преку помоќта на инспирираните зборови од Светото Писмо, можеме да го видиме духовниот однос на небесните лица на Отецот и Синот. Во набљудувањето на тој однос го откриваме универзалниот закон на целото создавање кој е ἐκ → δια, извор - канал. Да разгледаме повторно уште неколку пасуси од Светото Писмо.

> Потоа Бог рече: „Да создадеме човек според Нашиот образ... И Бог го создаде човекот според образот Свој, според образот Божји го создаде; машко и женско ги создаде. Битие 1:26, 27

> И да расветлам на сите во што се состои распределбата на тајната, криена од векови во Бога, Кој создаде сè **преку** Исус Христос, Ефесјаните 3: 9

> Сè стана **преку** Него и без Него ништо не стана, од она што постана. Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето. Јован 1: 3-4

Бог ги создал сите нешта преку Исус Христос. Неговиот Син беше Тој на кого Бог му рече „Да го создадеме човекот според нашиот лик“.

Релационата слика во која е создаден човечкиот вид е односот на Таткото и Синот, и тој однос е ἐκ → δια, Извор - Канал.

> И навистина, она што е во Него невидливо, односно вечната Негова сила и Божественост, согледливи се уште од создавањето на светот, гледано според Неговите дела, па така тие немаат изговор... Римјаните 1:20

Книгата за Римјаните ни кажува дека невидливите атрибути на Божественоста се јасно видливи во работите што се направени. Која посебна работа беше специјално направена според Божјиот лик? Мажот и жената и односот што тие го имаат за да се одржуваат еден со друг. Човечкиот однос на мажот и жената е направен по шемата (образецот) на Таткото и Синот кои ја формираат примарната релациска врска на универзумот.

Имајќи ги предвид овие мисли, да разгледаме уште неколку пасуси од Библијата.

> Нека се охрабрат срцата нивни та, соединети во љубов во секое богатство, со потполно разбирање, да ја познаат тајната на Бога и Отецот и на Христос, во Кого се скриени сите богатства на мудроста и знаењето. Колосјаните 2:2-3

Односот на Таткото и Синот е божествениот потпис кој што е ставен на оваа креација (на се што е создадено). Ако погледнете во небото, ќе го видите овој потпис на сонцето и на месечината. Кога ќе погледнете на потеклото на видовите, ќе го најдете овој божествен потпис. Со овој божествен клуч можеме да ги отклучиме сите богатства на мудроста и знаењето.

> Ние, пак, сите со откриено лице, како во огледало гледајќи ја славата Господова, се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава, како од Духот Господов. 2 Коринтјаните 3:18

Со гледање на овој боженествен потпис на ἐκ → δια, Извор - Канал, во Отецот и Синот, нашите размислувања, нашите чувства, нашите односи и нашето истражување ќе бидат трансформирани од оваа шема. Сметам дека е апсолутно генијално дека тајната на целата мудрост и знаење е всушност цврсто поврзана со знаењето на врската на Таткото и Синот. Неточно разбирање за нивната врската автоматски го уништува клучот и го прикрива вистинското знаење и мудрост. Сепак, со ова вистинско

знаење и континуирана медитација врз Отецот и Синот, овој образец почнува да и се открива на нашата свест и внесува хармонија во нашите умови и срца и во умовите и срцата на оние со кои сме во контакт.

Табела 1 - Принципи на Изворот

| Пасус | | Потекло (Татко) - ἐκ → | Канал (Син) - δια |
|---|---|---|---|
| Тој е **слика** на **невидливиот** Бог, првороден пред секое создание; Колосјаните 1:15 | 1 | Невидлив | Видлив |
| [Христос] Тој е **одблесок** на Божјата [Татковата] **слава** и отпечаток на Неговата суштина и држи сè со Својот моќен збор. Откако преку Себе ги очисти нашите гревови, седна од десната страна на престолот на Севишниот во височините. И стана толку повозвишен од ангелите, колку што е пославно името што го **наследи**, во споредба со нивното. Евреите 1:3, 4<br>Па затоа **и Бог Го превизвиши и Му даде име што е над секое име,** та во името на Исус да се поклони секое колено на сè што е небесно, земно и подземно, и секој јазик да исповеда дека Исус Христос е Господ**, за слава на Бога** Отецот. Филипјаните 2: 9-11 | 2 | Слава | Сјајност (Зголемена) |
| А Исус им одговори на тоа и рече: „Вистина, вистина ви велам: Синот не може да прави ништо Сам од Себе, ако не види што прави Отецот; бидејќи она што го прави Тој, тоа истото го прави и Синот. Јован 5:19.<br>Сакам уште да знаете дека глава на секој маж е Христос; а на жената мажот е глава; **на Христос, пак, глава е Бог.** 1 Коринтјаните 11: 3 | 3 | Главен Началник | Потчинетост |
| А на кого од ангелите Бог некогаш му рекол: „**Седи** од Мојата десна страна додека непријателите Твои не **ги поставам** за подножје на нозете Твои?"Евреите 1:13<br>Кој живее под закрилата на Севишниот, тој престојува во домот на небесниот Бог | 4 | Заштитник | Заштитен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бог. Псалми 91: 1 | | | |
| И ете, глас од небесата говореше: „Овој е Мојот возљубен Син, во Кого е Мојата волја!“ Матеј 3:17<br>А Тој му одговори и рече: „Напишано е – ‚Човек не живее само од леб, туку и од секој збор што излегува од устата на Бога.‘“ Матеј 4: 4 | 5 | Благослов Давател / Обезбедувач | Благослов Приматeл |
| Зашто вака вели Високиот и Возвишениот, вечно Живиот, Чие име е Светец: „Јас живеам на небесната височина и во светилиштето, но Јас сум и со оние што имаат скршено срце и понизен дух, за да го оживувам духот на понижените и да ги оживувам срцата на поразените. Исаија 57:15<br>И Словото стана тело и се всели меѓу нас, полно со благодат и вистина; и ние ја видовме Неговата слава, слава како на Единороден од Отецот. Јован 1:14 | 6 | Трансцендентен (Подалечна Положба) | Сегашен / Интимност (Поблиска Положба) |
| Јас дојдов **во името на Мојот Отец** и не Ме примате; а некој друг, ако дојде во свое име, него ќе го примите. Јован 5:43 | 7 | Претставен (Мисла) | Презентер (Збор) |

Има неколку принципи кои се откриени погоре само со набудување на карактеристиките на односот на Таткото и Синот. Ние ќе ги прошириеме овие принципи во наредните поглавија.

Табела 2 - Примери за канали

| Извор - ἐκ → | Канал - δια | |
|---|---|---|
| Сопруг | Сопруга | главата на **жената** е **маж**. 1 Кор 11: 3 |
| Родител | Дете | почитувај ги **татко ти и мајка ти**. Мат 19:19 |
| Христос | Црква | Зашто, мажот е глава на сопругата, исто како што **Христос** е глава на **црквата** ; Еф. 5:23 |
| Старешина | Стадо | **Пасете** го **стадото** Божјо што е меѓу вас, служејќи како надгледничари. 1Петар 5:2 |

| | | |
|---|---|---|
| Гувернер | Граѓани | Секоја душа нека биде предмет на управување на **властите**. Зашто нема власт освен од Бога, и властите што постојат се назначени од Бога. Римјаните 13: 1 |
| Разум | Емоција | Тестирај ги сите работи; држи го цврсто тоа што е добро. 1 Сол 5:21 |
| Вера | Работи (дела) | …**Вера** која **дејствува** преку љубов. Гал 5: 6 |
| Христос | Библија | И почнувајќи од **Мојсеј и сите пророци**, Тој им ги објасни во сите Списи работите што се **однесуваат на Него.** Лука 24:27<br>Вие го пребарувате Светото писмо, зашто мислите дека преку него имате вечен живот; и ова е тоа кое сведочи за Мене. Јован 5:39 |
| Стар Завет | Нов Завет | Немојте да мислите дека дојдов да го уништам **законот или пророците** : Јас не дојдов да ги уништам, туку да ги **исполнам**. Мат 5:17 |
| Првите четири закони | Последните шест закони | И тој му рече: љуби го Господа твојот Бог со сето свое срце и со сета своја душа, и со сиот свој ум. Ова е големата и **прва** заповед. И **втората е** како неа: љуби го својот сосед како себе си. Мат 22: 37-39 (RV) |
| Семка | Растение / Дрво | Лук 8:5-8 „Сејач излезе да го посее своето **семе**... (8) Но, други паднаа на добра земја, се појавија и дадоа **род** стократно “. |
| Сонце | Месечина | Тогаш Бог направи две големи светла: **поголемото** светло за да го владее денот, а **помало** светло за да ја владее ноќта. 1 Мој. 1:16 |

Табелата два прикажана погоре е слика на табелата еден. И двете се во ἐκ → δια, извор - канал, однос.

Многу елементи на боженствениот потпис можат да се видат како функционираат во нашиот свет. Позициите на потекло и канал се менуваат во зависност од односот. На пример, во односот меѓу мажот и жената, мажот е потеклото, а сопругата е каналот. Во односот мајка и дете, мајката е потеклото, а детето е канал.

Кога ќе ги земеме принципите на боженствената шема опишани во првата табела и ги примениме на односите опишани во втората табела, ние ја откриваме тајната за хармоничното движење на земните тела во

согласност со примарните боженствени небесни тела на универзумот - Таткото и Синот. Важно е да се запомни дека во примерите за изворите дадени во втората табела, нивниот авторитет, во крајна линија е предмет на Господ кој им го дал авторитетот. Нема авторитет на земјата што е целосно независен, и било кои да се барањата на соодветните канали, тие мора да бидат во хармонија со крајниот авторитет на Бога. Ако тие не се во хармонија, тогаш не е само што е право, туку е и должност на оној што е во позиција на каналот со почит да се обрати на повисок орган.

Да ги сумираме овие принципи што ги спомнавме:

1. Невидливо и видливо:
   Каналот го открива или е патот до изворот.
2. Слава и сјајност: каналот го зголемува изворот.
3. Власт и подчинетост: каналот се потчинува на изворот.
4. Изворот го штити каналот.
5. Изворот го благословува каналот.
6. Изворот обезбедува за каналот.
7. Изворот е претставен од каналот.

Нашата листа започнува со дејствата на каналот бидејќи нè води до изворот, исто како што Христос нè води до Таткото. Кога ќе се поврземе со изворот, тогаш можеме да ги откриеме неговите постапки.

Начелата што тука ги опишавме го обезбедуваат јадрото на боженственото шема. За вистински да ја цениме убавината и симетријата на оваа шема, ние природно мораме да обезбедиме нејзино зголемување преку примерите дадени за сликите во табелата два.

  

Маж и Жена Родител и Дете Христос и Црквата

 

Семе и Дрво Сонце и Месечина

## 6. Потокот на Живот



Со цел да го завршиме нашето претставување на божественатa шема, едноставно треба да го поставиме прашањето: „Извор и канал од *што* ?“ Да се вратиме на клучниот Библиски стих:

> сепак, ние имаме само еден Бог Отец, **од Кого се сите работи**, и ние сме во Него, и еден Господ Исус Христос, **преку Кого се сите работи** и ние сме преку Него. 1 Коринтјаните 8: 6

Одговорот едноставно е *сите работи*. Значи, што е вклучено во *сите работи*?

> И ми покажа чиста река со вода на животот, бистра како кристал, која истечуваше од престолот на Бога и на Јагнето. Откровение 22: 1

Јагнето во овој стих е референца за Синот Божји (Јован 1:29). Сиот живот доаѓа од Таткото и поминува низ Синот. Таткото е изворот на животот а Синот е канал на животот. Овој живот се пренесува до нас преку Духот Божји. Во Библијата Духот честопати се нарекува светлина, вода, ветер и исто така оган. Со Божјиот Дух ја доживуваме целата полнота на благословите на Таткото. Единствениот начин да можеме да го примиме овој Дух е преку каналот - Божјиот Син.

> А Исус пак им рече: „Мир вам! Како што Ме прати Отецот, така и Јас ве праќам.“ И кога им го кажа ова, дувна и им рече: „Примете Дух Свети! Јован 20: 21-22

Во сегашно време целиот свет добива живот на земјата поради дарот на Исус на крстот. Оние кои одбиваат да прифатат од каде потекнува овој живот на крајот ќе се исклучат од изворот. Со цел да се прими овој живот стално треба да го препознаваме усогласувањето на изворот и каналот на Таткото и Синот.

> А сведоштвото е тоа дека Бог ни дарувал живот вечен; и тој живот е во Неговиот Син. Кој Го има Синот Божји, тој го има и тој живот; кој го нема Синот Божји, го нема тој живот. 1 Јован 5:11-12

Животот е првиот од многуте благослови што се истурени врз нас. Еве еден друг:

> Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот. Јован 3:16

> Божјата љубов кон нас се покажа во тоа што Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син за да живееме преку Него. 1 Јован 4: 9

Љубовта го наоѓа својот извор во срцето на Таткото а нам ни се изразува преку каналот на Неговиот Син. Значи, љубовта е потокот што тече од изворот и оди на и преку каналот. Потокот на љубов може да се изрази на различни начини во шемата.

| Извор - ἐκ → (Невидлив) | Канал - δια (Видливо) | Поток / Живот – ζωη |
|---|---|---|
| Мисла | Збор | Љубов |
| Мисла | Прегратка | Љубов |
| Мисла | Подарок | Љубов |

Мислите на љубовта кои никогаш не се изразени или демонстрирани, никогаш не се познати дека постојат, и ако тие не се познати тогаш не можат да се примат ни да се искусат. Ова покажува од колкаво витално значење е каналот на Синот Божји во Боженствената Шема за да се знае срцето на Таткото!

Враќајќи се на примерот на сонцето и месечината, откриваме друг важен принцип. Ако го земеме предвид концептот на светлината како знаење кое доаѓа во затемнетиот ум, гледајќи директно во сонцето, особено од таква затемнета состојба, би предизвикала слепило, а сепак добиената иста сончева светлина преку подсретство на месечината ќе овозможи светлината да биде прифатена без повреда.

| Извор - ἐκ → (Невидлив) | Канал - δια (Видливо) | Тек / живот - ζωη |
|---|---|---|
| Сонце | Месечината | Светлина |
| Родител | Дете | Знаење |

Како што физичката светлина доаѓа до нас преку боженствена шема, така и знаењето за нашиот свет ни доаѓа преку инструкција. Со цел да научиме, нашите родители или наставници мора да нѐ упатуваат со инструкции. Може да избереме да читаме, но мораме да научиме да читаме и мора да имаме изложеност на книги напишани од други за да ги научиме. Знаењето и мудроста мора да се научат преку текот на наставата. Ние не сме родени со инстантно познавање на универзумот и нашата околина; го учиме тоа од наставник или ментор. Еве неколку додатни примери што треба да се земат предвид.

| Извор - ἐκ → (Невидлив) | Канал – δια (Видлив) | Тек / живот – ζωη |
|---|---|---|
| Родител | Дете | Живот, Љубов, Благослов, Заштита, Храна, Милост, Знаење, Афирмација, Исправка, Ред |
| Наставник | Студент | Знаење, Афирмација / Благослов, Исправка, Ред |
| Христос | Црква | Живот, Љубов, Благодат, Милост, Благослов, Знаење, Корекција, Ред |
| Старешина | Стадо | Љубов, Благослов, Знаење, Заштита, Корекција, Ред |
| Гувернер | Граѓани | Знаење, Заштита, Афирмација, Ред |

Значи, Божествената Шема има:

1. Извор
2. Канал
3. Поток

Преку правилното усогласување на изворот и каналот, потокот ќе започне да тече и да носи живот, благослов, плодност и просперитет. Но, кога тие не се усогласени и разбрани правилно, тогаш вкусуваме проклетството, распаѓањето и на крајот смрт.

# 7.„Богот на овој Свет“
# и Раѓањето на Спротивставени Сили



Кога вие би можеле да влезете во парламентите на владите на најдемократски контролираните нации би нашле групи на претставници кои себе си се усогласуваат со владата и истовремено други претставници кои би биле класифицирани како опозиција. По цели денови овие спротивставени сили дебатираат за итните прашања на нацијата. Секој говорник се обидува да ја убеди комората за доблестите на неговиот аргумент. Дискусиите честопати се остри и резултираат со високо ниво на напнатост. Процесот е метод дизајниран за решавање на несогласувања, што е од централно значење во Европската и Индиската филозофија уште од антиката. Познат како *Дијалектика* на Грчки, беше популаризиран од Платон во Сократовите дијалози и претставува доминантна форма на размислување во светот денес.[12] Иако овие сили се видливо спротивставени едни на други, всушност тие се подразбирааат дека се комплементарни, а синтезата што произлегува од конфликтот се сфаќа дека произведува повисок квалитет на вистина и совршеност за тие што се директно вклучени и за тие што ги претставуваат.

Ако го разгледаме овој принцип од источна перспектива, наоѓаме во Кинеската филозофија на Јин и Јанг, каде што на изглед спротивности како што се светлина и темнина, оган и вода, и машко и женско се всушност комплементарни и работат на создавање хармонија и рамнотежа.[13] Овие принципи се популаризирани преку филмската серија *„Војна на Ѕвездите“* која прикажува светли и темни сили кои работат едни против други, но на крајот доведуваат до рамнотежа на *силите.*

------------------------------------------------------------

[12] https://en.wikipedia.org/wiki/Dialectic

[13] https://en.wikipedia.org/wiki/Yin_and_yang

Како го разбираме овој очигледен свет на спротивности; свет на напнатост што очигледно постои во *нас* и насекаде околу нас? Дали би требало да дозволиме само сетилата да нè водат; се чини дека има многу докази за поддршка на таков поглед. Да ги позајмиме воведните зборови од серијата *„Војна на ѕвездите“*, можеме да речеме: „Одамна во некоја далечна, далечна галаксија“.

Ако повторно се осврнеме кон античките пророци, можеме да ја откриеме генезата на овој опозициски систем.

> Како падна ти од небото, Денице, сине на зората! Се разби од земјата ти, кој ги угнетуваше народите. А во срцето свое си велеше: „Ќе се искачам на небото, ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ќе седнам на горката во соборот на боговите, на крајот од северот; ќе се искачам до височините на облаците, ќе бидам рамен на Севишниот.“ Исаија 14: 12-14

Луцифер беше создаден како прекрасно ангелско суштество и беше прв меѓу ангелите. Тој беше донесен во универзумот кој функционираше според принципот на ἐκ → δια = ζωη, извор - канал - живот. Постоеше совршена хармонија бидејќи секое создадено суштество се приближуваше до големиот Извор на се преку примерот на величенствениот δια - Синот на Таткото. Во слатката хармонија што постоеше помеѓу Таткото и Синот учествуваа сите жители на универзумот сè додека тие го следеа примерот на Синот Божји како свој камен темелник на личниот идентитет. Може да има само еден вистински ἐκ →, еден краен Извор на сите работи, а тоа е Таткото. Хармонијата на универзумот зависеше од постојаното признавање на овој факт. „Господот, нашиот Бог, Господ е Еден“. 5 Мојсеева 6: 4.

Луцифер поверува дека сè што му е дадено е негово по божественo право и дека тој самиот си е свој Бог. Оваа лага го доведе да се изрази дека тој самиот е како Севишниот - Таткото. Луцифер не се обиде да го елиминира Таткото, туку да се претстави себе си како Негов по наследство еднаков пандан. Тој повеќе не сакаше да го гледа Таткото преку δια леќите на Синот Божји. Тој замисли потполно егалитарен модел на универзумот каде сите би можеле да се идентификуваат како сопствен извор или ἐκ →. Така, Луцифер го замисли владеењето на универзумот како:

ἐκ → и ἐκ →
(извор) и (извор)



Оваа формула што тој ја предложи предизвика природниот поток на ἐκ → δια = ζωη односот на извор - канал - живот да престане. Силите на две апсолутни ἐκ → извори би довеле до природна напнатост што бара синтеза или рамнотежа за повторно да се врати единството.

Како формула, ова може да го напишеме:

ἐκ → ζωη (живот) ← ἐκ
(извор) ↓ (извор)

ἐκ (извор)



Судирот на две ἐκ → сили резултира во обединување или синтеза на двете во една мистична сила. Индивидуалните идентитети се жртвувани со компромис на лично убедување за општото добро, хармонија и навидум рамнотежата е обновена. Оваа нова формула е забележана за со неа да се покаже елиминирањето на δια-канал принципот. Така, со цел да се одржи хармонијата во универзумот мора да има постојан конфликт и разрешување бидејќи секоја индивидуа наоѓа личен идентитет базиран на тоа да биде ἐκ → извор. Луцифер им вети на сите што ќе го слушаат:

> Но Бог знае дека оној ден кога ќе вкусите од него, ќе ви се отворат очите, па **ќе станете како богови** и ќе знаете што е добро, а што зло. Битие 3: 5

Така, од почетокот намерата на Луцифер беше да го елиминира величанствениот δια - синот Божји.[14] Со Синот надвор од патот, тој би ги поканил сите да бидат дел од универзалниот извор преку било која филозофска метода која некој ја посакува. Дали со пантеизам[15] или со обожавање на бог на соеднаквост и станувајќи како него, не е важно сè

---------------------------------------------------

[14] Јован 8:44... Тој беше убиец од самиот почеток

[15] Пантеизам е секое религиозно верување или филозофска доктрина со која се идентификува Бог со универзумот или дека Бог е универзумот.

додека принципот на δια-канал не постои во реалноста. Човек може да се преправа дека се прикажува до δια канал принципот се додека е јасно дека основната реалност е таа на ἐκ → извор.

Ова е потеклото на големата војна во универзумот. Тоа е војна помеѓу две сфаќања за основната врска на нејзините први две небесни суштества.

| Боженствената Шема на Библијата | Шемата на Богот на овој Свет |
|---|---|
| ἐκ → δια = ζωη<br>извор → канал = живот | 1. ἐκ → ζωη ← ἐκ<br>(извор) ↓ (извор)<br>2. ἐκ (извор) |

Шемата на богот на овој свет ја наследија основачите на нашата раса кога ја прифатија лагата: „Сигурно нема да умрете… ќе станете како богови". Битие 3: 4,5. Ова е кога ја заменивме хармоничната позиција на δια за постојан процес на конфликт меѓу нас и Господ за ние да станеме наш сопствен ἐκ → извор. Како нашата раса се однесуваше кон големиот δια кога Тој дојде на овој свет е доказ дека оваа лага сега постои природно во рамките на човештвото. Тој беше разапнат на крст и убиен. Кроткиот и благ карактер на Синот Божји, кој беше послушен на Неговиот Татко во сè, не беше во хармонија со паднатиот ум што ние го наследивме. Нашите први родители ја примија оваа богохулна шема директно од нејзиниот основач Луцифер.

Интересно е да се напомене дека концептот на „дијалектиката" постоел во филозофијата на Хераклит од Ефес (535 - 475 пр.н.е.), кој предложил дека сè е во постојана промена како резултат на внатрешни судири и спротивставувања.[16] Светото писмо го открива изворот на овој внатрешен судир откривајќи го лажниот концепт на Сатаната за Господ што го уништува δια идентитетот. Ова е причината зошто Павле им напишал на Коринтјаните:

> Ако, пак, е и покриено нашето Евангелие, тоа е покриено за оние што пропаѓаат: за оние, на кои богот од овој свет им ги заслепил нивните безверни умови, за да не ги осветли светлината на Благовестието за славата на Христос, Кој е слика на невидливиот Бог. 2 Коринтјаните 4: 3,4

[16] https://en.wikipedia.org/wiki/Dialectic#Principles

Невозможно е да се разбере Боженствената Шема и да се најде вистинската хармонија кога нашите умови се заслепени од богот на овој свет. Нашите умови треба да се ресетираат или да се препородат во правилното разбирање на Боженствената Шема. Со други зборови, да се покаеме за нашето идолопоклонство на лажни идеи. Овој процес се споредува со смрт во Библијата затоа што се работи за целосно предавање и отфрлање на сѐ што изгледа логично и разумно кога се гледа преку леќата на богот на овој свет. Единствениот начин да се вратиме на принципот δια е да го прашаме Него, Синот Божји, да не научи и да ни помогне. Сами по себе ова е невозможно да го постигнеме затоа што нашите умови се поставени во друга насока под влијанието на учењето на Луцифер.

Како вовед во многуте проблеми што „шемата на богот на овој свет“ ги создава, да ја разгледаме самата перцепција на вистината. Во рамките на Боженствената Шема „сите работи“ произлегуваат од Единствениот ἐκ → Извор што значи дека постои една апсолутна вистина или еден извор на вистината. Во првата фаза на „ шемата на богот на овој свет “или суштество – шема, има најмалку два извора на вистината при што се реплицира шемата на издигнување на сите лица до божество или до ἐκ → извор. Затоа имаме многу верзии на „вистината“ и ова логично води до максимата на данскиот филозоф Soren Kierkegaard (Сорен Кјеркегор) (1813 - 1855) кој рекол дека „Субјективноста е вистина, а вистината е субјективност“. Различни вистини се наоѓаат во конкуренција една со друга или мистично се комбинирани преку сила – во секој случај оваа шема на повеќе извори е многу нестабилна, изградена е на песок. Од вистината е одземена нејзината објективност, и со тоа на луѓето им останува да користат што и да имаат на нивно располагање за да ги убедат другите во нивната „вистина“.

Достапните алатки вклучуваат манипулација, измама и евентуално со физички принуди да се утврди нечија сопствена „вистина“, бидејќи во „шемата на богот на овој свет“ нема апсолутна вистина. Историјата открива дека доминантните играчи на оваа метода биле оние што се најспособни да прикажат неколку „вистини“ на различни групи, дури и кога таквите идеи се во конфликт. Изразувањето на неколку конфликтни „вистини“ одеднаш го прават сопствениот идентитет бескорисен, предизвикувајќи збунетост што ја заробува индивидуата во кафез на

немоќ. Зголемената противречноста во рамките на системот на тој начин бара пораст на спин-докторите за да ги масираат овие „вистини“ и со тоа да ги смират масите; и да ни се даде чувство дека многу водачи се залагаат само за она што ќе ги унапреди нивните каузи за доминација. Личностите кои се во состојба да го убедат мнозинството во своите „вистини“, колку и да се спротивставени, може да ги обезбедат гласовите потребни за нивните „вистини“ да доминираат во групата. Политичките процеси на сите нации во светот се така нахранети од ова изврткување и масирање на вистината, оставајќи ги членовите на секоја нација да се чувствуваат измамени и фрустрирани. Овие чувства можат на крајот да доведат до револуција и репозиционирање на моќта. Додека раководството се менува, проблемите на крајот повторно се појавуваат затоа што се изградени на истиот концепт за вистината.

Да се свртиме сега кон овој внатрешен конфликт за кој Хераклит од Ефес зборуваше. Ќе видиме како Луциферското учење предизвикува конфликт во релацијата на ум-тело, како и во релацијата на логика - емоцијата.

# 8. Сабота за Душата: Наоѓање на Внатрешен Одмор

Библискиот извештај за создавањето на човекот открива дека:

> И Господ Бог го создаде човекот од земен прав и му дувна во лицето дух животен; и човекот стана жива душа. Битие 2: 7



Значи, учиме дека човекот е комбинација од тело и здив / ветер / дух. Па, каква е релацијата помеѓу овие два елементи на тело и дух или тело и ум? Ако пребарувате на Интернет со терминот “Mind Body Problem”(„Проблем на умот и телото“) ќе видите дека има цела литература посветена да одговари на ова прашање.

> Едно од централните прашања во психологијата (и филозофијата) се однесува на проблемот умот / тело: дали е умот дел од телото, или телото е дел од умот? Ако се тие различни, тогаш како комуницираат? И кој од нив управува?[17]

Дозволете да ги тестираме овие прашања со двете шеми кои ги дискутиравме.

| Боженствената Шема на Библијата | Шемата на Богот на овој Свет |
|---|---|
| ἐκ → δια = ζωη<br>Извор → Канал = Живот | 1. ἐκ → ζωη ← ἐκ<br>(извор) ↓ (извор)<br>2. ἐκ (извор) |

Идентификувањето на елементите во Боженствената Шема е едноставно кога ги применуваме нивните невидливи и видливи карактеристики. Јасно е дека умот е невидлив, а телото е видливо. Значи, нашата формула во овој случај е:

ум → тело = живот

---------------------------------------------------------

[17] http://www.simplypsychology.org/mindbodydebate.html

Ако ги примениме релевантните карактеристики на шемата, ќе видиме дека умот е главата или директорот на телото. Телото е каналот преку кој се открива умот. Мислите на умот се манифестираат преку гласот и дејствата на телото. Апостол Павле ја искажа оваа врска на умот и телото кога рече:

> туку го истоштувам и го поробувам телото, та проповедајќи им на другите, да не бидам и самиот отфрлен. 1 Коринтјаните 9:27

Телото е ставено во подчинетост на умот. Сепак, во овој момент мора да бидеме внимателни да се придржуваме до сите карактеристики на Боженствената Шема. Умот е заштитник на телото со тоа што умот сака да јадеме добро, да вежбаме, и да имаме соодветен одмор на телото. Ова е во спротивност со платонските поими кои доведоа до сузбивање на телото и до подемот на монаштвото[18] и тепање на телото. Оваа идеја, како што ќе видиме е само природен плод на суштество-шемата. Во овој модел гледаме:

1. Ум → Живот ← Тело (Дуализам)

ИЛИ

2. Ум / тело (монизам)[19]

Кога умот и телото се разбрани како два еднакви ентитети, како резултат ќе постои напор за усогласување на овие два спротивставени елементи. Една од најчестите човечки ситуации што произлегуваат од овој образец на живот е како да се справиме со прашањето на глад. Кога телото сигнализира глад и има еднаков статус со умот, тогаш кој одлучува што и колку треба да се јаде? Со други зборови, дали изразот на глад на телото е жалба или команда? Во рамките на Боженствената Шема ова се подразбира како жалба до умот. Умот проценува дали барањето ќе му користи или ќе му наштети на телото и потоа издава команда. Ако функциите на телото се подредени на умот кога ќе каже *не* , нема да има конфликт, но ако телото, а особено долниот дел од мозокот, не е подложен на повисокиот фронтален лобус, ќе има војна во умот дали да

[18] Монаштвото е религиозен начин на живот во кој човек се одрекува од световните потраги и се посветува целосно на духовна работа. Монашките практики честопати вклучуваат крута дисциплина преку телесно страдање за да се ослабнат и потиснат телесните желби.

[19] https://en.wikipedia.org/wiki/Mind-body_problem

се јаде или не. Оваа војна се користи на широко во целиот свет низ проблемите со дебелината и многу болести кои потекнуваат од стилот на живеење а се јавуваат затоа што умот е деградиран во положба од втора класа во однос на телото.

Во рамките на Боженствената Шема, хармонијата на умот и телото се наоѓа во контролата на умот над телото при што умот се грижи за телото и го штити, а телото го негува умот и го изразува и проширува неговото размислување и волја. Сè додека умот и телото се уредени според формулата ἐκ → δια, извор - канал, формулата ќе се обиде да функционира во овој редослед и со тоа да спречи војна во душата, донесувајќи одмор. Тоа се квалитетите на Синот Божји, величанствениот δια на универзумот, кој обезбедува одмор. Како што нè научи Исус:

> Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам. Матеј 11:28

Хармонијата на умот и телото може да почне кога ќе дозволиме δια принципот на Христос во нашите животи да влијае на каналните аспекти на нашето создавање. Оваа хармонија резултира со Светата Сабота или одморот за душата.

Односот на умот и телото може да се прошири понатаму во односот на разумот и емоциите. Ајде да ги примениме двете формули уште еднаш. Нашиот показател според Боженствената Шема е дека разумот е невидлив, а емоциите вклучуваат видливо изразување.

**Разум → Емоција = Живот**

Спротивно на ова, во образецот „биди - свој - сопствен - бог“, суштество – шема, ова станува:

1. Разум →Живот ← Емоција

↓

2. Доминација на разумот „рационализам“.[20]

ИЛИ

3. Доминација на емоциите „Оставете вашите чувства да ве водат“.

[20] https://en.wikipedia.org/wiki/Chariot_Allegory

Ако направите студија за разумот и емоциите на било кое ниво, ќе најдете многу совети за тоа како да ги усогласите. Со согледување на разумот и емоциите како два извора на спротивставени принципи, се создава внатрешна војна за доминација. Платон ги изразил нив како бел и црн коњ што ја влечат нашата кочија низ животот. За Платон, разумот беше белиот коњ додека емоциите беа црниот коњ, со што се сугерира спротивставената природа на релацијата меѓу нив.



Бело-црната опозиција отиде чекор подалеку на истокот со Јин и Јанг принципот во кој срцето на белото е црно и срцето на црното е бело. Уште еднаш можеме да најдеме делумен израз на ова во филмската серија *Војна на Ѕвездите* каде што срцето на џедајската етика беше изразено со смиреност, пресметана дисциплина водена од чувствата на поединецот.




Некој може да одговори дека во срцето на емоциите е разумот, но ова тогаш затвора целосно дијалектички круг што води неповратноно кон мистичено, неразбирливо постоење. Тие што се „просветлени“ ви кажуваат дека ако ова го прашувате, тогаш ја откривате вашата нова состојба на умот; тогаш мора едноставно да дозволите вашето срце да го прифати тоа што вашиот ум не може да го прифати. „Тоа е мистерија; само прифати го “.

Целата оваа конфузија, конфликт и војна може да се отстрани со прифаќање на Боженствената Шема и релацијата на раководство - потчинетост во односот на разумот и емоциите, каде што емоциите делуваат како лупа и сјај на славата на умот. Еднороденииот Син нѐ поканува да го јадеме величествениот δια Леб на животот за да се поврати вистинската хармонија и да донесе одмор на нашите умови и тела.

# 9. Тесен Пат до Божествената Шема



Дали некогаш сте гледале како некој скока од висока карпа или зграда? Ова скокање е познато како „Основно скокање“. Тоа е екстремен спорт каде се скока од многу високо и опасно место и потоа се користи падобран пред да се удри во земјата. Јас имам гледано голем број видеа на Интернет за ова. Скокачите раскажуваат за бариерата на стравот што мора да се надмине за да се скокне. Преминот од „шемата на богот на овој свет “во Боженствената Шема е сличен на овој процес. Ако ја прикажеме формулата на Боженствена Шема во контекст на светата Божја планина, каде што Таткото престојува на врвот на планината, го гледаме следново:




Извор

Канал

Библијата ни кажува во врска со Таткото:

> Зашто вака вели Високиот и Возвишениот, вечно Живиот, Чие име е Светец: „Јас живеам на небесната височина и во светилиштето, но Јас сум и со оние што имаат скршено срце и понизен дух, за да го оживувам духот на понижените и да ги оживувам срцата на поразените. Исаија 57:15

Отецот живее на врвот на планината и целиот пристап до Него е преку Неговиот δια Син. Синот Божји зазема позиција на понизност и послушност кон Неговиот Татко. Синот го наследи сето она што Неговиот Татко го поседуваше, но Тој останува потчинет и под авторитетот на Неговиот Татко. Луцифер, кој стана Сатана откако падна, посака да се искачи на височините, на облаците за да стане како Највисокиот.

> А во срцето свое си велеше: „Ќе се искачам на небото, ќе го издигнам престолот свој погоре од Божјите ѕвезди и ќе седнам

на гората во соборот на боговите, на крајот од северот; ќе се искачам до висините на облаците, ќе бидам рамен на Севишниот.“ Исаија 14,13-14

Овој процес на самовозвишување може да се претстави како што следи:




Извор ↔ извор

Барајќи да се возвиши себеси да биде еднаков со Бога и да седи во храмот Божји тврдејќи дека е Бог е барање на исклучително висока позиција. Ова е место на кое ние не припаѓаме и затоа нè става на работ на многу висока карпа. Да се вратиме на нашата вистинска позиција во потчинување на величествениот ἐκ → Извор на универзумот бара од нас да скокнеме од оваа позиција. Ако сами го преземевме овој скок, ние ќе умреме и ќе бидеме изгубени засекогаш. Во универзумот имаше едно суштество кое можеше да го направи овој скок и да ни отвори пат да се вратиме на нашето соодветно место во Боженствената Шема. На Синот Божји му беше даден еднаков статус со Неговиот Татко. Тој го има правото да застане на врвот на планината заедно со Неговиот Татко. Од жал за нашата падната раса Христос го изведе тој неверојатен скок, за да може да нè врати назад во вистинскиот однос со Отецот.

> Бидејќи вие треба да ги имате истите мисли, што ги има Исус Христос, (6) Кој, иако беше во Божји лик, не сметаше дека треба да го искористи тоа што е еднаков со Бога; (7) но Сам Себе се понизи, земајќи лик на слуга се изедначи со луѓето (8) и по изглед се покажа како човек; Сам Себе се понизи, послушен сè до самата смрт, смрт на крст. Филипјаните 2: 5-8

Во големиот скок од планината, Божјиот Син ни го отвори патот да се вратиме назад во Боженствената Шема и уште еднаш да ги научиме принципите на δια Синот Божји. Предизвик за нас е тоа што немаме падобран и нашиот скок сигурно мора да биде во нашата смрт. Од врвот не може да се види дека кога скокаме, Христос е во состојба да нè задржи

на патот надолу, и Тој го зема влијанието на падот за нас во тоа што умре еднаш, Тој умре еднаш за сите.

Сепак, желбата да се скокне им доаѓа само на оние кои сфаќаат дека е богохулно да се бара возвишената положба на Самиот Бог. Во нашата природна состојба  ние не гледаме проблем со оваа ситуација бидејќи богот на овој свет ги заслепува нашите очи на ова страшно богохулење. Божјиот закон грми од планината,

> Немој да имаш други богови освен Мене! Излез 20: 3

Додека ја гледаме молњата, слушаме грмотевици и чувствуваме како се тресе планината, ние ја сваќаме и чувствуваме опасноста од нашата позиција. Чувствуваме потреба да скокнеме, но се плашиме дека ќе умреме и така остануваме замрзнати, несигурно поставени на планината. Факт е дека единствената причина заради која што сè уште сме живи е молитвата на Синот додека тој висеше на крстот: „Оче, прости им; затоа што тие не знаат што прават “.

Да се стапне на планината треба да значи моментална смрт, затоа што кога ние бараме да се возвишиме, треба веднаш да паднеме во смрт. Сепак, Христос се моли во наше име на Таткото да ни даде време да го препознаеме овој наш  голем грев. Само кога гледаме може да бидеме импресирани, преку Законот Божји, да побегнеме во Неговите прегратки и да дозволиме да бидеме распнати со Него и повторно да се родиме во δια живот. Ние се наоѓаме како нашите први родители, потчинето стационирани на дното на планината, чекајќи да се искачиме кога ќе бидеме повикани, облечени во δια каналската облека на Синот Божји.

Местото за скокање од планината во Светото Писмо е наречено тесната порта. Ова е многу тесно место каде можеме да ја почувствуваме прегратката на Спасителот и да скокнеме со Него.

> „Влезете низ тесната врата; зашто широки се вратите и широк е патот што води кон пропаст, и мнозина минуваат низ нив; Матеј 7:13

За повеќето луѓе тесната порта е истовремено и тешко да се најде, и да се влезе. Прво, тешко е да се најде затоа што природно не чувствуваме потреба да влеземе. Еднаш откако ја најдовме портата, тесниот влез бара да оставиме зад нас сè во овој живот за да поминеме низ неа. Ние мора да бидеме подготвени да бидеме како камилата што ќе помине низ окото

на иглата. Иглата беше многу краток, тесен отвор во зидот на градот Ерусалим. Кога главните порти беа затворени ова беше единственото место од каде што можеше да се влезе. Трговец би морал целосно да го растовари целото богатство од неговата камила и да ја натера камилата да клекне и да се протне низ дупката во зидот. Ова е причината зошто е тешко за богат човек (оној кој е горд на себе, се возвишува себеси и се држи до сите „нешта“ што ја претставуваат неговата вредност) да влезе низ тесната порта. (Мат 19:24)

Кога Законот грми од планината во љубовно предупредување, опојната лага дека сме свои ἐκ → предизвикува многумина да се потсмеваат на такви предупредувања како фикција направени за да се исплашат и контролираат несигурните. Други учат дека Законот повеќе не е важен, бидејќи беше исполнет и завршен на крстот. Понижувачкиот скок на Христос во Неговата смрт беше доволен; ние не треба да скокнеме со Него. Ние не треба да се понижуваме ни да се покаеме на таков болен за срцето начин. Преку ова и многу други пронајдоци тесната порта е покриена и скриена за светот, така што човек останува на планината не облечен во δια облеката на Синот Божји.

Оние што ќе бидат пронајдени без овие облеки на планината во времето на свадбата на Синот Божји со Црквата ќе мора да скокнат од планина сами. Повторно и повторно Божјиот Син ги повикуваше изгубените овци на планината, одејќи далеку да ги собере овците скитници повторно, но тие не саккаат да слушнат. Се крена вик: „Нема да дозволиме овој човек да царува над нас“. Значи, тие ќе скокаат сами без посредник и ќе се покаже дека тоа било целосно непотребно.



Стоејќи на карпа гледајќи илјадници стапки надолу се изгледа многу застрашувачки. Се чувствува дека сигурно ќе мораме да умреме, но Исус ни рече:

Кој го сака животот свој, ќе го загуби; а кој го мрази животот свој на овој свет, ќе го запази за вечен живот. Јован 12:25

Дали ги сакате радоста и просперитетот што ќе бидат ваши ако влезете во Боженствената Шема и го откриете клучот што ги враќа, хармонизира и усогласува сите односи што ве засегаат? Дозволете

Божјиот закон да грми во вашата душа, нека ви се отворат очите кон расипаноста во верувањето дека сте ваш сопствен ἐκ → извор. Ако не можете да видите како ова заедничко искуство е наследено од нашите први родители, молете се да видите со очите и да откриете во болката на раскинатите врски и внатрешната војна дека вирусот на суштество-шемата ви го уништува умот и телото. Дојдете до тесната порта и ослободете се од работите за кои се држите кои моментално ве дефинираат и видете го во Христа оној кој никогаш нема да ве напушти ниту заборави во вашето доаѓање во долината на понизност. Исус го покажува патот на благослов. Ве поканувам внимателно да го проучите и да ја прифатите секоја точка.

Потоа Тој ја отвори устата и ги поучи, велејќи:

(3) „Блажени се бедните по дух, зашто нивно е царството небесно!

(4) Блажени се оние што плачат, зашто тие ќе се утешат!

(5) Блажени се кротките, зашто тие ќе ја наследат земјата.

(6) Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат!

(7) Блажени се милостивите, зашто тие ќе бидат помилувани!

(8) Блажени се чистите по срце, зашто тие ќе го видат Бога.

(9) Блажени се миротворците, зашто тие ќе се наречат синови Божји!

(10) Блажени се гонетите заради правда, бидејќи нивно е царството небесно!

(11) Блажени сте вие, кога ќе ве срамат и прогонуваат и кога лажно ќе говорат против вас секакви лоши зборови – заради Мене!

(12) Радувајте се и веселете се, зашто голема е вашата награда на небесата! Така ги гонеа и пророците што беа пред вас.“Матеј 5: 3-12

Исус вели:

Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам. Матеј 11:28

Можеби ќе ви бидат потребни неколку дена за пребарување во срцето. Можеби сте помислиле самите да одите по Христовиот пат, но знаете дека вашата војна со себе си дава многу слаби резултати во врска со карактерот. Денес е ден на спасението. Христос е подготвен да ве држи за рака и да ве донесе долу во долината. Јас ве поканувам да го направите овој чекор и скок на верата, не скок на незнаење, туку скок како одговор на целосното познавање на погрешниот начин по кој сите ние живееме. Јас знам дека нема да жалите за оваа одлука. Исус денес ни вели:

> Сите што Ми ги дава Отецот, ќе дојдат кај Мене; а кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор; Јован 6:37

## 10. Следниот Чекор

Во оваа мала брошура, некои од основните принципи на Боженствената Шема се презентирани. Сега има свет на откритиа што ве чека за да најдете како да се усогласи изворот и каналот во сите области на вашиот живот во Отецот и Синот. Ова е почеток на серија брошури оцртувајќи ги аспектите на оваа Боженствена Шема. Во нашето патување сакаме да ги истражиме Боженствената Шема на љубовта, Боженствената Шема на бракот, Боженствената Шема на законот, Боженствената Шема на богослужбата и Боженствената Шема на финансиите. Ви благодарам што досега инвестиравте во патувањето, и се молам ова да биде благослов за вас. Нека ви зборуваат овие зборови на нашиот Татко:

> Синко, ако ги примиш зборовите на Моите заповеди, и ги зачуваш во себеси, (2) ако увото твое внимателно ја слуша мудроста, ако срцето твое се приклони кон размислување; (3) ако ги повикаш знаењето и разумот; (4) ако ги бараш како сребро и ги истражуваш како ризница, (5) – ќе го разбереш стравот Господов и ќе го најдеш знаењето за Бога. (6) Зашто Господ дава мудрост; од устата Негова доаѓаат знаењето и разумот; (7) Тој го зачувува за праведните спасението; Тој е штит за оние кои живеат непорочно; (8) Тој ги чува патиштата на правдата и ја брани патеката на оние, кои Го почитуваат. Изреки 2: 1-8

> сепак, ние имаме само еден Бог Отец, од Кого се сите работи, и ние сме во Него, и еден Господ Исус Христос, преку Кого се сите работи и ние сме преку Него. 1 Коринтјаните 8: 6

> Исус му рече: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене. Јован 14: 6

> Тогаш Исус пак им рече: „Вистина, вистина ви велам: Јас сум вратата на овците. (8) Сите, колку што дојдоа пред Мене, крадци се и разбојници; но овците не ги послушаа. (9) Јас сум вратата: кој ќе влезе преку Мене, ќе се спаси; и ќе влезе, и ќе излезе, и пасиште ќе најде. Јован 10: 7-9

> ние, пак, Го проповедаме Христос распнатиот, Кој е за Јудејците соблазна, а за незнабошците безумие; (24) за повиканите, пак, како Јудејци, така и Елини, Христос Божја сила и Божја мудрост. 1 Коринтјаните 1: 23-24

> Нека се охрабрат срцата нивни та, соединети во љубов во секое богатство, со потполно разбирање, да ја познаат тајната на Бога

и Отецот и на Христос, (3) во Кого се скриени сите богатства на мудроста и знаењето. Колосјаните 2: 2-3

# Други книги достапни на fatheroflove.info

## исто така достапни во аудио формат за бесплатно преземање

### Агапе




Погледнете подлабоко во библиските докази дека Богот на Стариот Завет е ист со оној што Исус ни Го откри во Новиот завет. Книгата е детално и систематско испитување на фактите што обезбедува директен начин да разгледате неколку од приказните на Библијата кои претходно не биле разгледувани. Само на 300 страници, ова е сериозно читање за оние што навистина бараат одговори.

### Војни на Идентитет




Војните на Идентитетот е патување на самооткривање. Тоа е покана да дознаете за вашата вредност во контекстот на чисто релациска врска. Оваа книга ги открива принципите што ќе ви помогнат да побегнете од светските сфаќања за перформанските размислувања и да најдете слобода во вашите најважни врски.

### Оригинална Љубов




Бракот како институција е под сериозна закана. Зошто толку многу луѓе имаат лошо искуство со бракот и со врските воопшто? Книгата Оригинална Љубов ја разгледува оригиналната врска опишана во Библијата за да видиме кои работи можеме да ги научиме за да нашите врски се подобрат и збогатат. 44 страници преполни со витални принципи за вибрантен брак

# Боженствена
# Шема
# На Животот

**Универзални шеми** на животот се насекаде околу нас.
Тие доаѓаат од оригиналната Боженствена Шема
произлегувајќи од Отецот, преку
Синот, и се наоѓаат на секое ниво од животот.

Сонце и месечина, семе и растение,
родител и дете, крал и држава,
Стариот Завет - Новиот Завет,
Шемата на Изворот и Каналот е
клучот.

Спротивно на тоа, субверзивна, конфликтна шема
се пробила во животот на мажите и
жените, во срцата и умовите на владетелите
и лидерите. Сите мора да ја изберат својата шема на
животот или на смртата. Светите списи не охрабруваат
да го избереме живот